Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги

Член 1

Во Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), во член 3, во став (1), точката 33) се менува и гласи:

„33) квалификуван електронски печат значи напреден електронски печат кој е изработен од средство за изработка на квалификуван електронски печат и кој се заснова на квалификуван сертификат за електронски печат.“

Член 2

Во член 10, пред првата реченица пред зборот електронски документи се додава бројот „(1)“.После ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Електронскиот документ издаден од јавни органи репродуциран на кој било печатен медиум не подлежи на процесот на верификација определен во ставот (1) од овој член.“

Член 3

Во член 21, во став (2), во точката 8, зборот „печати“ се заменува со зборот „жигови;“

Член 4

Во член 65, во став (2), бројот (2) се заменува со „(1)“.

Член 5

Во член 71, во ставот (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите „ или електронски документ издаден од јавни органи репродуциран на кој било печатен медиум“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.